Врз основа на членот 34 став 1 од Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011, 192/2015, 209/2018 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021 и 173/2022), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 04.03.2023 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
за усвојување Годишен извештај на општина Кочани за 2023 година

I.

Се усвојува Годишниот извештај на Буџетот на Општина Кочани за 2023 година.

II.

Составен дел на Годишниот извештај на Општина Кочани за 2023 година се:

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кочани за 2023 година.
2. Извештај за средствата,побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност.
3. Извештаи за реализација на инвестиционите програми и тоа:

-Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Кочани за 2023 година.

-Извештај за реализација на Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација на општина Кочани за 2023 година.

-Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2023 година.

-Извештај за реализација на Програмата за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на подрачјето на Општина Кочани во2023 година.

-Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици за 2023 година, изградба и одржување на општински патишта и улици за 2023 година.

III.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-556 /1
04.03.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев